21431

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952 godine)

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289

Isečak iz lista
Newspaper cutting

МЛАД БОРЕЦ
Скопје

27. 11. 1974

Ликовна уметност

# Поезија на линијата

**• КОН РЕТРОСПЕКТИВНАТА ИЗЛОЖБА НА ДЕЛА ОД НИКОЛА МАРТИНОСКИ**

ОДБЕЛЕЖУВАЈКИ ја годишнината од смрта на сликарот **Никола МАРТИНОСКИ** скопската Уметничка галерија, во соработка со Музејот на современата уметност отвори, по обем, скромна ретроспектива на неговите творби, во која се најдоа над триесетина масла и нешто помалку цртежи, настанати, главно, во распон од периодот на уметниковото созревање до неговата разработена гестуалност во ракописот, до неговото специфично ликовно зборување.

Една повторна средба со светот на исклучителниот мајстор, поедна-кво е, значи, прилика за анализира-



НИКОЛА МАРТИНОСКИ. ЦРТЕЖ

ње на неговиот париски резултат ка-ко и на оние своебразни трасформа-ции кои, во својата финална смисла, една глобална светска естетика, ро-дена на релациите на Минхен и Па-риз, толку смирено но и толку диво ја прилагодија на разбранетиот Бал-кан. Тоа прилагодување на експреси-онизмот кога така децидирано го нарековме, со овие локалитети и про-стори каде што пркот е многу повеќе вроден отколку реториката и каде-што сета силина на движењето, (а експресионизмот делумно со него ја замени формата), го наоѓа своето сеопфатно етничко и етнолошко уве-рување, ја имплицираше, во тоа не-ма сомнение, природата која, освен интензивната уметничка љубопит-ност, ќе поседува детска несташност, наклонетост кон авантурата на коло-ритот и линијата и сериозност на пре-дестинираниот и контемплативен мај-стор.

Заминувајќи за Париз, 1927 годи-на, непосредно по заедничката изло-жба со Личеноски и Пандилов која го означи почетокот на современата македонска уметност, уметникот, во светската сликарска метропола, се соочи со мошне експлозивна состој-ба. Кубизмот веќе одамна ги заокру-жи своите домети, Бретон го подго-твуваше Вториот манифест на над-реализмот во кој поенергично ќе го побара покорувањето кон диктатот на подсвеста и одново ќе го квали-фикува сликарството како пластифи-кација на поезијата, активноста на експресионистите која датира уште од 1905 г. од програмата на групата »Die Brücke« ги преживеа „најсрам-ните денови“, за наскоро да биде шиканирана од страна на нацисти-чкиот режим, а рускиот центар на струјата замира отстапувајќи им го местото на новите превирувања и обиди.

Akademi Ranson, во Париз, што уметникот ја посетува во тие години, повеќе се сметаше за оаза на школ-ското сликање, отколку како лабора-торија за експерименти, но во лич-ностите на некои од професорите (Patelje, Bisije), Мартиноски ги доби незаборавните уверувања дека умет-носта, макарштo по говорот една од најуниверзалните и космополитски, својот извор може да го наоѓа ис-клучително во провокацијата на родите простори и крајолик, тради-цијата и народното наследство.

Тука мајсторот, вљубен во линијата над сè, ја одфрли претераната гротеска и физичката деформација на објектите, од реквизитариј на чистите експресионисти, враќајќи се кон анализата на ликовите и амбиен-тите од својот крај, барајќи во не-кои специфичности корелација на те-мата и субјектот со обликот, со рако-писот и комплетната ликовна нер-ватура.

Мартиноски, значи, не ги наоѓаше своите теми случајно. Во огрубените лица на Роми, во окоштените и из-мачените тела на мајки кои, сепак зрачат со замамна сензуалност и нежниот матернитет, неговата линија можеше да тргне во секоја од мож-ните авантури — од своето чисто ка-жување, до комбинација и цртачки-от модалитет.

Токму во линијата е и поезијата на свој трагач за колористичкото-ру-стична сензација на балканскиот екс-пресионизам; во цртежот е полната афирмација на ова ретка и непов-торлива творечна природа.

**Ладислав БАРИШИК**